Врз основа на член 5, 18, 20 и 76 од Законот за здруженија на граѓани и фондациите (Сл.весник на РМ 52/10) Собранието на Здружението Македонско здружение на лаборатории МАКЛАБ Скопје, на ден 04.11.2011 год. донесе

# С Т А Т У Т
## на Македонско здружение на лаборатории МАКЛАБ
## С к о п ј е

***Општи одредби***

***член 1***

Со Статутот на Здружението Македонско здружение на лаборатории МАКЛАБ Скопје (во натамошниот текст: Здружение), се уредува: името и седиштето, целите и задачите, облиците и начинот на дејствување, органите, нивниот избор и отповикување и нивните меѓусебни односи, траењето на мандатот на органите и начинот на одлучување на членовите, стекнување и располагање со имотот, остварување на јавноста во работата, определување на услови за основање на ограноци (организациони единици), услови и начин за пристапување на нови членови, односно услови и начин за исклучување од членството, претставување и застапување во правниот промет и спрема трети лица, престанокот на здружението, постапувањето со имотот на здружението во случај на престанок на здружението и други прашања утврдени со закон, односно прашања од интерес за работата и функционирањето на здружението.

***член 2***

Основачите го основаат здружението заради остварување на своите интереси, цели и заради слободно и доброволно здружување на лабораториите кои делуваат и активно дејствуваат на територијата на Република Македонија.

***член 3***

Здружението МАКЛАБ се организира врз територијален принцип и членови на здружението можат да бидат:

- Лаборатории регистрирани како правни субјекти во Р. Македонија
- Лаборатории како дел од регистрирани правни субјекти во Р. Македонија
- Други правни лица регистрирани во Р. Македонија
- Секој полнолетен граѓанин, државјанин на Р. Македонија
  врз основа на одлука на органите на Здружението.

Зачленувањето на здружението се врши со пристапница. Здружението, за своите членови води регистар на членство, кој се ажурира еднаш месечно.

***член 4***

Статусот на членовите на здружениетоМАКЛАБ може да биде:

- редовен член
- придружен член
- почесен член
- член поддружувач на Здружението

***член 5***

Членот има право да биде биран од органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението и да допринесува за развојот и популарноста на Здружението.

***член 6***

Обврски за членовите на здружението се:

-редовно да ја плаќаат членарината,
-да присуствуваат на состаноците,
-да земаат конкретно учество во спроведувањето на програмата на активностите на здружението.

***член 7***

Здружението МАКЛАБ од Скопје, како здружение на граѓани своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот и Законите на Р.Македонија, овој Статут како и други законски и подзаконски прописи кои ја регулираат оваа материја.

***член 8***

Името на здружението е:
**Македонско здружение на лаборатории МАКЛАБ Скопје**.
Во правниот промет и други пригоди ќе се употребува скратен назив на здружението: **МАКЛАБ Скопје**.

Во комуникација со странство, здружението ќе користи превод на својот назив на англиски јазик и тоа:
Macedonian Association of Laboratories (МАКЛАБ)

Седиштето на здружението е во Скопје на бул."Кузман Јосифовски Питу" бр.28/3 лок.13 Скопје- општина Аеродром.

***член 9***

Здружението има својство на правно лице со права и обврски и одговорности кои произлегуваат од законските прописи и овој Статут.

***член 10***

Работата на Здружението е јавна.
Јавноста во работењето на Здружението се обезбедува со редовно известување на членовите на Здружението за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално-финансиското работење на Здружението и др.
За информирање на пошироката јавност се користи печатот,радиото, теливизијата и др.

***Цели и задачи на здружението***

***член 11***

Основни цели и задачи поради кои се основа здружението се:
- превземање на активности со кои лабораториите за тестирање и калибрација во РМ ќе ја унапредат својата меѓусебната соработка, користење на заеднички ресурси и потенцијал при настапувањето пред потенцијланите клиенти, застапување на заедничките интереси пред институтот за акредитрација како и можност за организиран пристап пред Европските институции од ваков вид. Стратегијата на МАКЛАБ е насочена кон унапредување на квалитет и компетентноста на лабороториите, поврзани за меѓусебна соработка на основа на заедничките интереси, а кои водат кон развој, подигањето на стандардите и квалитетот на живеење во целина. Овие цели се остваруваат со следните дејствија:
- соработка со научно-наставните институции, владини институции, трговски друштва кои обавуваат лабораториска пракса;
-организирање стручни советувања, семинари, предавања и собири со цел меѓусебно известување, дружење и размена на искуства;
-издавање на научни и други стручни публикации со кои се дава придонес кон

издавачката дејност од областа на делување на здружението;
-размена на известувања и искуства помеѓу членовите на здружението;
-давање подршка на лабораториите за примена на системи за унапредување со квалитетот заради осигурување на квалитетот на испитувањата, мерењата и анализите;
-соработка со Институтот за акредитација на Република Македонија со цел промовирање на значењето на акредитацијата во лабораториската пракса како клучен сегмент во обезбедување на квалитетот на лабораториските резултати;
-организација на национална шема на меѓулабораториски испитувања, мерења и анализи;
-издавање на гласила со известување со работата на здружението и нејзините членки;
-превземање на активности со кои ќе се развива и подига на повисоко ниво потребата од стручно, компететно и квалитетно организирање и застапување на заедничките интереси на членовите на здружението и останатите субјкети кои се на директен или на индиректен начин поврзани со обавување на дејноста на лабараториите;
- истакнување на значењето на потребата од квалитетна и стручна работа на лабараторијата Ђдавател на услугата и правните и фичички лица корисници на услугите, создавање на постепени стандарди на однасување и ниво на квалитет на услуги кои лиценцираните лабаратории ќе ги даваат на своите клиенти и сл;
-издавање на технички документи на здружението за заедничките ставови во врска со техничките прашања
-Развивање соработка со други национални и интернационални организации и тела како што се ЕУРОЛАБ, ИЛАЦ и други.

***Членство***

***член 12***

Член на Здружението може да биде секој полнолетен државјанин на Република Македонија согласно неговата јасно изразена волја и со потпишување на пристапница.Член на здружението може да биде и странски државјанин под условите утврдени со закон.
Во здружението се води регистар на членовите кој се прегледува еднаш месечно.
Секој член на здружението може доброволно да истапи од истото.

***член 13***

Здружението, како колективен член, заради остварување на своите цели и задачи може да соработува и да се зачленува во други здруженија и сојузи во Република Македонија и странство.

***член 14***

Право и обврска е на секој член на Здружението да учествува во работата на сите рамништа на организирање, а особено:
-да избира и да биде биран во органиоте и телата на Здружението
-да покрене иницијатива за отповикување или сменување на претставници кои не се залагаат за остварување на програмите и целите на здружението
-да ги почитува правата на секој член во управувањето и одлучувањето
-да учествува активно во работата на органите и телата на Здружението
заради поуспешно остварување на програмираните и тековните задачи;
-редовно да плаќа чланарина.

***член 15***

Престанок на членувањето во Здружението се врши:
-по сопствено барање, поради иселување од местото на живеење;
-поради смрт на членот;
-поради исклучување од членството и бришење од евиденција;
-поради престанување со работа на Здружението.

***член 16***

Исклучување на член од Здружението се врши по предлог на други членови на здружението, поради причините предвидени со овој Статут;

Одлука за исклучување на член на здружението носи Собранието на Здружението.

***член 17***

Против одлуката на Собранието на здружението,членот може да поднесе жалба до Сојузот на здруженијата на Република Македонија.

Одлуката на Сојузот на здруженијата на Република Македонија е конечна.

***Органи и тела на здружението***

***член 18***

Органи на Здружението се:
-Собрание
-Управен одбор
-Надзорен одбор

**Собрание на здружението**

***член19***

Собранието е највисоко тело на Здружението и него го сочинуваат сите членови на Здружението.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

***член 20***

Собранието на Здружението ги врши следните работи:
-донесува Статут на здружението
-донесува програма и други акти за работа на здружението
-усвојува планови, насоки и извештаи за одредениактивности на здружението
-усвојува завршна сметка и финансиски план на здружението
-одлучува за промени на целите и задачите на Здружението
-одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на Здружението
-одлучува за здружување или раздружување од друго здружение и за зачленување во Сојузи и меѓународни организации
-констатира прием на нови членови и престанок на членувањето
-избира преседател на Здружението со мнозинство гласови
-избира потпретседател на здружението
-врши избор на членови на управниот и надзорниот одбор
-одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство
-одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела на Здружението и
-врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти на Здружението.

***член 21***

Седницата на собранието ја свикува претседателот на собранието.

Седница може да се свика и по барање на една половина од членството или по предлог на Управниот одбор на Здружението.

Ако претседателот на собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

Поканите и материјалите за седницата на собранието се доставуваат до членовите на собранието најдоцна 7 дена пред денот на одржување на седницата.

***член 22***

Собранието може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Собранието по правило, одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните.

Статутот и одлуката за престанок на Здружението се донесуваат со двотретинскомнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Здружението.

***член 23***

На собранието се одлучува со јавно гласање.

Секој член на собранието има право на еден глас.

***член 24***

Собранието со мнозинство гласови избира претседател и потпретседател со мандат од 4 години.

***Управен одбор***

***член 25***

Собранието со мнозинство на гласови избира Управен одбор на собранието.
Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години.

Мнозинството од членовите на Управниот одбор треба да бидат државјани на Република Македонија.

***член 26***

Член на Управниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое правно лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

***член 27***

Управниот одбор ги врши особено следните работи:
-подготвува седници на Собранието
-подготвува нацрт-статут и други акти и одлуки за Собранието
-ги спроведува одлуките и заклучоците донесени од страна на Собранието
-управува и одговара за имотот на здружението
-подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа
-подготвува планови и програми за активноста на Собранието и
-врши и други работи по налог на Собранието

***член 28***

Управниот одбор основа постојани или повремени стручни тела со цел подобро да се организира работатат на Здружението и поквалитетно да се остваруваат целите и задачите на Здружението.

Со одлуката за основање на стручното тело се утврдува надлежноста, мандатот и други прашања битни за надлежноста и работата на телото.

***член 29***

Управниот одбор се избира од редот на членовите на Собранието и се состои од три члена -Претседател на УО и два члена.

Мандатот на членовите на УО трае 4 години, со можност за повторен избор.

Претседателот на Управниот одбор е истовремено и Претседател на Собранието и Претседател на Здружението и тој го претставува и застапува Здружението.

***член 30***

Управниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство од вкупниот број членови.

***член 31***

Управниот одбор, заради извршување на административните, техничките и други работи може да именува стручен секретар, кој во исто време е и раководител на стручната служба на Здружението.

***член 32***

Претседателот на Управниот одбор ги свикува седниците на Управниот одбор со писмена покана во која е содржан дневниот ред.

На седницата, покрај членовите на Управниот одбор може да се повикаат и други лица упатени во проблематиката на здружението без право на глас.

***член 33***

Управниот одбор за својата работа одговара пред собранието на Здружението.

***член 34***

Член на Управниот одбор може да биде отповикан пред истекот на мандатот доколку се утврди дека работи спротивно на целите и задачите на Здружението, го нарушува угледот на Здружението и ја злоупотреби функцијата.

***Надзорен одбор***

***член 35***

Надзорниот одбор го избира Собранието од редот на членовите со мандат од 4 години.

За својата работа одговара пред собранието на Здружението. Надзорниот одбор брои 3 члена -преседател и два члена. Членови на надзорниот одбор можат да бидат и надворешни членови кои не се членови на здружението.

***член 36***

Надзорниот одбор ги има следните надлежности:
-врши контрола врз спроведувањето на Статутот и другите акти
-врши контрола врз финансиското работење на Здружението
-по налог на Собранието врши вонредна контрола.

***Претставување, потпретседател и застапување***

***член 37***

Претседателот на Здружението го претставува и застапува Здружението.

Потпретседателот го заменува претседателот во негово отсуство.

Претседателот на Здружението може да овласти и друго лице да го застапува Здружението во негово отсуство.

***Материјално и финансиско работење***

***член 38***

Здружението средствата за работа ги обезбедува од:
-членарина на членовите
-прилози и подароци;
-донаторски извори од земјата и странство
-средства од буџетот на Р. Македонија, буџетите на локалнатас самоуправа и Градот Скопје.

***член 39***

Средствата можат да бидат користени само за остварување на целите и задачите на Здружението.

Здружението на граѓани може да врши стопанска и друга дејност во согласност со закон.

Стопанската или друга дејност во Здружението може да се врши непосредно од членовите или од работниците кои засновале работен однос со Здружението.

***член 40***

Заради развивање на меѓународната дејност и соработка од заеднички интерес на сите членови МАКЛАБ може да соработува со меѓународните организации и здруженија кои имаат сродни цели и задачи и да се зачленува во меѓународни асоцијации врз основа на рамнопраност, реципроцитет и еднаква застапеност во ситетела на тие организации.

***член 41***

Одлуката за зачленување во меѓународна организација донесува Управниот одбор.
Одлука за соработка со меѓународна организација донесува Управниот одбор. Преставниците односно членовите на телата на меѓународните организации и здруженија ги бира Управниот одбор.

***Изамнеи и дополнување на Статутот***

***член 42***

Иницијатива за измени и дополнување на Статутот може да даде секој член на Здружението.
Статутот и неговите измени и дополнувања ги донесува Собранието со мнозинство гласови.

***Престанок на работа на Здружението***

***член 43***

Здружението може да престане со работа:

- ако со мнозинство на гласови за тоа одлучи Собранието;
- ако бројот на неговите членови се намали под бројот утврден со Закон;
- по сила на Закон;
- ако за тоа донесе решение надлежен орган во согласност со Закон.

***член 44***

При престанок со работа на Здружението по надмирување на настанатите обврски од работењето, преостанатиот дел од средствата се пренаменуваат за установите за згрижување на децата без родители.

***Завршни одредби***

***член 45***

Овој статут влегува во сила со денот на негово донесување, а ќе се применува од денот на уписот во регистарот на надлежниот Суд.

**Претседател на Собранието,**
***М-р. Магдалена Трајковска -Трпевска***